<u>Образец бр. 2</u>

**Иницијална проценка на влијание на регулативата**

**Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите**

**1. Опис на проблемите**

Заради стимулирање на граѓаните за вложување на своите парични средства во банките, се предлага одложување на датумот за започнување на примената на одредбите од законот со кои се предвидува оданочување со персонален данок на доход на остварените приходи во вид на камати на орочени штедни влогови и други депозити до пристапувањето на Република Македонија во Европската Унија.

Исто така, со предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход се предлага дополнување на членот 6 од Законот со цел да се овозможи ослободување од персонален данок на доход на приходите кои се остваруваат во вид на паричен надоместок кој се доделува на национален уметник согласно со Законот за национален уметник на Република Македонија и паричните надоместоци доделени на уметник и стручен соработник од областа на заштитата на културното наследство кој остварил право на пензија и е добитник на една од државните награди “11 Октомври“ за животно дело, “11 Октомври“ за долгогодишни остварувања во културата и уметноста, “Св. Климент Охридски“ за долгогодишни остварувања во културата и уметноста и награда “23 Октомври“ за долгогодишни остварувања во културата, согласно со Законот за култура.

**2. Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите**

Со предложеното изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход ќе се изврши одложување на датумот за започнување на оданочување на каматите на орочени штедни и други депозити. На овој начин се очекува да се влијае врз зголемувањето на висината на орочени штедни и други депозити кои ги имаат граѓаните кај банките.

Дополнително се пропишува ослободување од обврската за плаќање на персонален данок на доход за надоместоците кои се пропишани со членот 5 од Законот за националниот уметник на Република Македонија и членот 11-б од Законот за културата.

**3. Идентификација на можни решенија (опции)**

Предложеното изменување и дополнување го содржи следното решение:

- со членот 1 се врши дополнување на членот 6, став (1 ), така што по точката 21-б), се додаваат две нови точки 22) и 23) кои гласат:

“22) парични надоместоци доделени на национален уметник согласно со Законот за национален уметник на Република Македонија;

23) парични надоместоци доделени на уметник и стручен соработник од областа на заштитата на културното наследство кој остварил право на пензија и е добитник на една од државните награди: “11 Октомври“ за животно дело, “11 Октомври“ за долгогодишни остварувања во културата и уметноста, “Св. Климент Охридски“ за долгогодишно остварување во културата и уметноста, награда “23 Октомври“ за долгогодишни остварувања во културата, согласно со Законот за култура;“.

- со членот 2 се пропишува преодна одредба со која се предвидува одложена примена на одредбата од членот 47 точка 4) од Законот, со цел одложување на датумот на примената на одредбите од законот со кои се предвидува оданочување на орочени штедни и други депозити до пристапувањето на Република Македонија во Европата Унија.

**Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија**

**Предложено решение (опција):**

- одложување на датумот за започнување на примената на одредбите од законот со кои се предвидува оданочување со персонален данок на доход на остварените приходи во вид на камати на орочени штедни влогови и други депозити.

- ослободување на надоместоците кои се пропишани со членот 5 од Законот за националниот уметник на Република Македонија и членот 11-б од Законот за културата.

**Опис:**

Со членот 1 од Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход се врши дополнување во членот 6 од Законот за персоналниот данок на доход во делот на одредбите со кои се уредуваат приходите на кои не се пресметува и плаќа персонален данок на доход. Во таа насока се предлага пропишување на правен основ со кој ќе се овозможи ослободување од персонален данок на доход на приходите кои се остваруваат во вид на паричен надоместок кој се доделува на национален уметник согласно со Законот за национален уметник на Република Македонија и паричните надоместоци доделени на уметник и стручен соработник од областа на заштитата на културното наследство кој остварил право на пензија и е добитник на една од државните награди “11 Октомври“ за животно дело, “11 Октомври“ за долгогодишни остварувања во културата и уметноста, “Св. Климент Охридски“ за долгогодишно остварување во културата и уметноста, награда “23 Октомври“ за долгогодишни остварувања во кулрурата, согласно со Законот за култура.

Со членот 2 од истиот Предлог Закон, одложување на датумот на оданочување со персонален данок на доход на остварените приходи во вид на камати на орочени штедни влогови и други депозити, до влезот на Република Македонија кон членство во ЕУ.

**1. Трошоци**

- Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите. **НЕ**

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците. **НЕ**

- Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа. Ако да, образложи ги трошоците. **НЕ**

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците. **НЕ**

- Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците. **НЕ**

**2. Придобивки**

- Опис и опсег на финансиските придобивки за засегнати страни:

Со оглед на тоа дека се предлага пролонгирање на рокот за отпочнување со оданочување на приходи во вид на камати на орочени штедни влогови и други депозити и со тоа даночно

ослободување на овој вид на приход, се очекуваат позитивни финансиски придобивки за граѓаните и финансискиот сектор.

- Други нефинансиски придобивки за засегнати страни: Нема

**1. Ризици и претпоставки**

Со денот на отпочнувањето на примената на овој закон, се очекуваат позитивни реакции од страна на граѓаните и финансискиот сектор.

**2. Останати влијанија**

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | НЕ | НЕ |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | НЕ | НЕ |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз животната средина | НЕ | НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз правата на граѓаните | НЕ | НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

**Чекор 3: Консултации**

/

## Резиме на иницијалната проценка на влијание на регулативата

**1. Краток осврт на преферираното решение/опција:**

Со предложеното изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход ќе се изврши одложување на обврската за пресметување и плаќање на персонален данок на доход во однос на каматите од орочени штедни влогови и депозити, како и ослободување на надоместоците кои се пропишани со членот 5 од Законот за националниот уметник на Република Македонија и членот 11-б од Законот за културата.

Опис:

**1. Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:**

- Сузана Стојмироска, Раководител на Сектор за даночна и царинска политика, Министерство за финансии

**2. Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:**

- Сузана Стојмироска, Раководител на Сектор за даночна и царинска политика, Министерство за финансии

## Изјава од министерот
## за иницијалната проценка на влијание на регулативата

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлог закон

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Нема влијание | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 600.000.000 денари. |
| 2. | Нема влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. |
| 3. | Има влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација |
| 4. | Нема влијание | врз економијата и врз обемот на државна помош. |
| 5.) | Нема влијание | врз животната средина. |
| 6.) | Нема влијание | врз социјалната положба на граѓаните. |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br><br>Датум на објавување:<br>Вклучени организации и претставници:<br>Свое мислење дадоа следниве организации: | НЕ |
| 8. | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | НЕ |
| 9. | Предлог законот е лекториран. | НЕ |
| 10. | Спроведени се меѓуресорски консултации. | ДА |
| 11. | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | НЕ |
| 12. | Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото “молчењето значи одобрување“? | НЕ |

**Изјава од министерот**

Јас, **м-р Зоран Ставрески**, изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на министерот:

................................................................................ Датум: 2012 година